РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-28
25.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје**

**За:**

**Предмет: Известување за пристигната Претставка**

Почитуван

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка од физичко лице (наш број УПП 03-28 од 30.10.2025 г.), редовен слушател на Вашата програма. Слушателот реагира до Агенцијата од аспект на заштита на малолетните лица, поради емитувањето песни со вулгарен и непристоен говор на Вашата програма, односно како што наведува во дописот, поради користењето на оригинални, експлицитни верзии на песни што содржат вулгарни и непримерни зборови, наместо емитувањето корегирани (Radio edit) верзии на песните.

Ве потсетуваме дека имате обврска, во целокупната Ваша програма, вклучително и во музичкиот дел, да се грижите за заштита на малолетните лица од содржини/програми што можат сериозно да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и од Правилникот за заштита на малолетните лица (Пречистен текст). Доколку песните што содржат вулгарен и непристоен говор се емитуваат во оригиналната форма, тогаш истите треба да се емитуваат во периоди од денот кога се очекува малолетните лица да не ги слушаат програмите. Доколку пак, наместо оригиналните верзии на песните што содржат вулгарен и непристоен говор, се емитуваат нивните корегирани верзии (Radio edit верзии), што не содржат таков говор, тогаш тие може да се емитуваат во текот на целото деноноќие.

Очекуваме Вашата програма да ја прилагодите согласно одредбите за заштита на малолетните лица од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**